Република Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/07) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце, на ден 22.01.2009 година изготви

# ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце, изработена од консултанската куќа - "Енвиро-Л" од Скопје, оцени дека со предлог проектот се предвидува да се елминира старата депонија за згура и мил на поранешниот комбинат "Југохром" во Јегуновце, односно отпадот ќе се сепарира, при тоа ќе се одделува металната фракција и различни големини на неметална фракција за примена главно во индустријата за цемент, и шестовалентниот хром со третман на ферохлорид ќе се претвара во тровалентен хром, и ги задоволува барањата за заштита на животната средина и природата.

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moepp.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце, му предлага на министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

**Комисија:**

1. Зоран Бошев ________________
2. Васил Анастасовски ________________
3. Сокол Клинчаров ________________
4. Лендита Дика ________________
5. Сашо Апостолов ________________
6. Билјана Спироска ________________
7. Цека Ќамили ________________
8. Билјана Тешева ________________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Изградба на инсталација за обработка и екстракција на индустриски отпад од депонијата во с.Јегуновце